**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ТРИЕСЕТ И ЧЕТВРТАТА седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 28.11.2023 година

**СКОПЈЕ, НОЕМВРИ 2023 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Триесет и четвртата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 28.11.2023 година**

Седницата започна во 12:05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Триесет и третата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Триесет и третата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **21 глас "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата **со следниот предлог за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, бр.09-8794/2 од 27.11.2023 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**13.** Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставник на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "25 Мај" - Скопје.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "13"** беше усвоен со **21 глас "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "13" е составен дел на предложениот дневен ред.

Предлози за **дополнување** на предложениот дневен ред.

**Марија Ѓошевска** (Левица):

Побара од Градоначалникот да се произнесе зошто претходно поднесените иницијативи на советничката група на Левица не се ставаат на дневен ред, меѓу кои и поднесеното барање бр.09-8218/1 од 30.10.2023 година за точка на дневен ред на 34 седница - Организирање на превоз на учениците од населени места: Гоце Делчев, Идризово и Дрма од страна на Општина Гази Баба до ООУ Његош - Колонија, се со цел намалување на трошоците на родителите, не е на дневен ред за работата на седницата.

**Градоначалник на Општина Гази Баба**:

Истакна дека сите иницијативи упатени до Претседател на Совет, пред да бидат ставени на дневен ред претходно се разгледуваат во надлежните сектори кои даваат мислење за законската издржаност за истите. Упати на консултација до секторот за правни и општи работи.

За работата на седницата со **24 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за третото тримесечје од 2023 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, во учебната 2023/2024 година;
4. Предлог - Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје;
5. Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување, по барање бр.29-147/1 од 10.01.2023 година;
6. Предлог - Одлука за утврдување на потреба за поставување на привремена градба наменета за истражувачки дејности (бушотини), на КП бр.4/9 КО Трубарево;
7. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство во врска со инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче";
8. Предлог - Одлука за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба за кофинансирање во проект: "Изградба на вакумска фекална мрежа во зона 1, гранка 3, и втор модул на пречистителна станица за отпадни води за 1500 е.ж. во населено место Јурумлери";
9. Предлог - Одлука за воведување во употреба на ученички униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба;
10. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година;

11. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - септември 2023 година;
12. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба, во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, за период ноември 2021 година - октомври 2023 година; и
13. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставник на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "25 Мај" - Скопје.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, редоследно беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за третото тримесечје од 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше претставникот од ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, в.д директор Игор Атанасовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за третото тримесечје од 2023 година, со **17 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба, членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, в.д директор Игор Атанасовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, во учебната 2023/2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, во учебната 2023/2024 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување, по барање бр.29-147/1 од 10.01.2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување, по барање бр.29-147/1 од 10.01.2023 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на потреба за поставување на привремена градба наменета за истражувачки дејности (бушотини), на КП бр.4/9 КО Трубарево.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на потреба за поставување на привремена градба наменета за истражувачки дејности (бушотини), на КП бр.4/9 КО Трубарево, со **24 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство во врска со инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче".**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство во врска со инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче", со **16 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба за кофинансирање во проект: "Изградба на вакумска фекална мрежа во зона 1, гранка 3, и втор модул на пречистителна станица за отпадни води за 1500 е.ж. во населено место Јурумлери".**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба за кофинансирање во проект: "Изградба на вакумска фекална мрежа во зона 1, гранка 3, и втор модул на пречистителна станица за отпадни води за 1500 е.ж. во населено место Јурумлери", со **25 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за воведување во употреба на ученички униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Влатко Ристовски (Левица), Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), м-р Александар Каровски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Сашо Начовски (ВМРО-НП дел од коалиција предводена од СДСМ), Сафет Адеми (ДУИ), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), Гордана Јовиќ - Стојковска (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и Сузана Трпковска (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за воведување во употреба на ученички униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, со **21 глас "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - септември 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештај за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - септември 2023 година, со **17 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба, во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, за период ноември 2021 година - октомври 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештај за редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба, во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, за период ноември 2021 година - октомври 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставник на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "25 Мај" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - Сафет Адеми (ДУИ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претставник на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "25 Мај" - Скопје, со **19 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Триесет и четвртата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **13:15** часот.

**Број 09-9005/3**
**од 12 декември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот